Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2016 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2016 година бр.09-789/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-808/1
01.06.2016 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2016 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2016 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за квартал I од 2016 година за период: 01.01.2016 - 31.03.2016 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-789/1
31.05.2016 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**1.Се објавува: Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-790/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-809/1
01.06.2016 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/2011), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

**за донесување на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**I.**

| **Ред. број** | **носител на активност** | **постапка дејствие** | **месеци** |
|---|---|---|---|
| 1. | Совет на Општина | Донесување на Буџетски календар | Мај |
| 2. | Градоначалник на Општина | Утврдува насоки за подготовка на финансиски план на корисниците | Почетокот на Октомври |
| 3. | Градоначалник на Општина | Ги доставува главните насоки до корисниците, одделенијата и општинските јавни установи | Средината на Октомври |
| 4. | Совет на Општина | Донесување на фискална стратегија | Средината на Октомври |
| 5. | Општински буџетски корисници | Доставуваат предлог буџетски планови | Крајот на октомври |
| 6. | Одделение за финансиски прашања | Ги анализира предлог буџетските планови | Крајот на Октомври |
| 7. | Одделение за урбанизам Совет на Општина | Изготвува Програми за урбан. план и ком. уред. Нацрт Буџет | Почетокот на Ноември |
| 8. | Градоначалник на општина | Спроведување на Јавна расправа | Средината на Ноември |
| 9. | Совет на Општина | Донесување на програмите и Нацрт Буџетот | Средината на Ноември |
| 10. | Одделение за финансиски прашања | Изготвување на Предлог Буџет | Почетокот на Декември |
| 11. | Градоначалник на Општина | Доставување на Предлог Буџетот до Советот и до корисниците | Средината на Декември |
| 12. | Совет на Општина | Усвојување на Буџетот | Крајот на Декември |

**II.** Буџетскиот календар ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-790/1 **Претседател**
31.05.2016 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2016 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2016 година бр.09-791/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-810/1 **Градоначалник**
01.06.2016 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008 и 99/2009), член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2016 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2016 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-791/1 **Претседател**
31.05.2016 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности**

**1.Се објавува: Одлука за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности бр.09-792/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-811/1
01.06.2016 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 10, член 36, став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 14 став (1) од Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности ("Службен весник на РМ" бр.13/2011), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за отпочнување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Со Одлуката се отпочнува постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кратово од сите ризици и опасности.

Оваа одлука да се достави до Подрачно одделение Регионален Центар за управување со кризи Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-792/1
31.05.2016 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.940 и 941 за КО Туралево, Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.940 и 941 за КО Туралево, Општина Кратово бр.09-793/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-812/1
01.06.2016 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

("Службен весник на РМ" бр.23/1, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) и член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п. 940 и 941 за КО Туралево, Општина Кратово**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко - планска документација се наоѓа на к.п.940 и 941, м.в.*Манев дол* КО Туралево, земјиште во сопственост на Петрушев Делчо, Петрушев Ангел, Петрушев Борче, Петрушев Драги и Петрушевски Милорад.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Туралево.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Туралево ќе се предвиди намена домување во станбени куќи А1.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-793/1
31.05.2016 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти